**ЗАКЛУЧОК**

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 29 октомври 2025 година расправаше за Претставката поднесена од [redacted] против актуелниот градоначалник на Македонска Каменица и кандидат за нов мандат, [redacted]. Жалбата се однесува на објава на профилот на [redacted] на социјалната мрежа Фејсбук, на 17.10.2025, која според жалителката содржи „навреди, ширење говор на омраза, шпекулации и дезинформации“ против нејзината мајка.

Координативното тело оцени дека во посочената објава, текст и фотографија, што се однесуваат на политичката трка за Локалните избори, не може да се утврди присуство на навреда, говор на омраза и дезинформации, ниту пак е именувано конкретно лице кое би било директно засегнато од критиките, присутни во објавата, а упатени кон политичките противници.

Координативното тело, сепак, утврди дека актуелниот градоначалник на Македонска Каменица и кандидат за нов мандат, ја користи официјалната страница на Општина Македонска Каменица, за промовирање на активности што истовремено се објавени и на неговиот Фејсбук профил [redacted]а Општина Македонска Каменица), со негова фотографија покрај која има партиски симболи и број 9, што го сугерира бројот на гласачкото ливче на партијата што го кандидира за нов мандат на Локалните избори, ВМРО ДПМНЕ, што е во спротивност со Кодексот ( Член 5 - Начела и стандарди за политичките партии и (независните) кандидати) каде што, меѓу другото, се вели:

„Политичките партии, нивните кандидати, и независните кандидати за време на изборните процеси, како и предлагачите и противниците на референдумските прашања за време на референдуми:

-ќе осигурат носителите на јавна функција да ги користат официјалните профили/страници на социјалните мрежи исклучиво за промовирање на активностите реализирани во службено својство, а не за промоција на изборните програми;

Целта на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми е да служи како насока за добро однесување заради обезбедување интегритет на информациите за време на избори и референдуми и транспарентност на политичкото рекламирање и неговото финансирање, приватност и безбедност на обработката на личните податоци на граѓаните, како и за спречување на ширењето дезинформации (неточни, нецелосни, лажни или злонамерни информации), говор на омраза, и дискриминација по која било основа.

Скопје,
29.10.2025 година

**Координативно тело**
**за следење на почитувањето на начелата и**
**стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**

CamScanner